# С О Г Л А С Н О С Т
за обработка на лични податоци

Јас долупотпишаниот/ната ........................................
/име и презиме/

се согласувам ЈП Водовод и канализација - Скопје:

1. Согласно член 10 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на личните податоци да ги обработува следните **лични податоци** за контакт (**Види точка 4.2 од информациите за обработка):**

| | |
|---|---|
| Име и презиме: | |
| Фиксен телефонски број: | |
| Мобилен телефонски број: | |
| Адреса на живеење: | |
| Електронска пошта (e-mail): | |

Датум на пополнување                    Своерачен потпис

---

## ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ
за обработка на лични податоци за конкретни, јасни и легитимни цели

☐ се согласувам                    ☐ не се согласувам

моите лични податоци и податоците за контакт наведени во точка 1 од овој образец да се користат за цели од аспект на преиспитување на барања и понуди за лабораториско тестирање на вода и генерирање на извештаи од тестирање и нема да се обработуваат на начин што не е во согласност со тие цели и ќе бидат чувани во форма која овозможува идентификација на субјектите на личните податоци, не подолго од она што е потребно за целите поради кои се обработуваат личните податоци.

Запознат/а сум дека согласноста за обработка на моите лични податоци за цели од аспект на преиспитување на барања и понуди за лабораториско тестирање на вода и генерирање на извештаи од тестирање, можам да ја повлечам во секое време, бесплатно, со писмено барање (доставено на следната електронска адреса: vladimir.georgiev@vodovod-skopje.com.mk, или по пошта до ЈП Водовод и канализација - Скопје, ул.„Лазар Личеноски“ бр.9, 1000 Скопје, со назнака “До Офицерот за заштита на лични податоци”).

Датум на пополнување                    Своерачен потпис

**Исчисти**    **Печати**

# ИНФОРМАЦИЈА ВО ВРСКА СО ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## 1. ИДЕНТИТЕТ И КОНТАКТ НА ПОДАТОЦИТЕ НА КОНТРОЛОРОТ:

Назив: ЈП Водовод и канализација - Скопје
Седиште: ул.„Лазар Личеноски“ бр.9, Скопје
e-mail: kontakt@vodovod-skopje.com.mk

## 2. КОНТАКТ ПОДАТОЦИ ЗА ОФИЦЕРОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ:

Име и презиме: Љубомир Софрониевски
Тел.број +389 (0) 2 3073 010 локал 341
e-mail: ljubomir.sofronievski@vodovod-skopje.com.mk

## 3. НАШАТА ВИЗИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ:

3.1 ЈП Водовод и канализација - Скопје е контролор на лични податоци кој ја заслужува Вашата доверба бидејќи целосно ја почитува приватноста и заштитата на личните податоци.
3.2 ЈП Водовод и канализација - Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на клиенти, нивните законски застапници, или полномошници во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци и другите релеванти позитивни законски прописи, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци. Собраните лични податоци се дел од збирките на лични податоци на ЈП Водовод и канализација - Скопје, а ЈП Водовод и канализација - Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

## 4. ЦЕЛИ И ПРАВЕН ОСНОВ ЗА ОБРАБОТКАТА НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

4.1 Личните податоци од точка 1 од Образецот се неопходни за обработка од страна на ЈП Водовод и канализација - Скопје со цел исполнување на правата и обврските што произлегуваат од облигациониот однос кој го воспоставувате со ЈП Водовод и канализација - Скопје, односно обработката на истите претставува услов за давање на услуга на Секорот Санитарна контрола за лабораториско тестирање на примероци од вода.
4.2 Личните податоци од точка 1 на Образецот ЈП Водовод и канализација - Скопје, ги обработува со цел остварување на контакт заради ефикасно остварување на Вашите права и обврските кои произлегуваат од облигациониот однос кој го имате воспоставено со ЈП Водовод и канализација - Скопје. Овие податоци за цели од аспект на преиспитување на барања и понуди за лабораториско тестирање на вода и генерирање на извештаи од тестирање, ќе бидат искористени само доколку имате дадено согласност, преку одбирање на соодветната опција за согласност.
4.3 Согласноста за обработка на личните податоци од точка 1 од Образецот може да ја повлечете во секое време преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: „ул.Лазар Личеноски“ бр.9, 1000 Скопје“ со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци Љубомир Софрониевски или преку електронска адреса ljubomir.sofronievski@vodovod-skopje.com.mk. Со повлекување на согласноста за обработка на лични податоци Образецот ЈП Водовод и канализација - Скопје ќе прекине со понатамошна обработка на личните податоци и истите ќе ги избрише од базите на податоци со што можат да настанат последици наведени во точката 3.2.

## 5. РОКОВИ НА ЧУВАЊЕ НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

5.1 Личните податоци од точка 1 на Образецот, ЈП Водовод и канализација - Скопје ги чува во рок за цело времетраење на договорниот облигационен однос кој е склучен со Вас, но најмногу до 10 години по истекот на извршената услуга. По завршување на облигациониот однос личните податоци ќе бидат избришани / уништени од базите на податоци на ЈП Водовод и канализација - Скопје и истите нема да се обработуваат за други цели.

## 6. КОИ СЕ ВАШИТЕ ПРАВА

6.1 Со цел да ги остварите Вашите права кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (право на пристап, корекција, бришење, ограничување на обработката на Вашите лични податоци, приговор и преносливост), упатете барање на електронската адреса на офицерот за заштита на лични податоци: ljubomir.sofronievski@vodovod-skopje.com.mk. На истата електронска адреса можете да се обратите во врска со сите Ваши прашања поврзани со обработката на Вашите лични податоци.
6.2 Доколку сметате дека обработката на Вашите лични податоци за целите наведени во точка 3 од овие Информации, од страна на ЈП Водовод и канализација - Скопје не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или пак сметате дека е повредено некое Ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци до Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија.

## 7. ПРЕНОС НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

7.1 Секторот Санитарна контрола е составен дел на ЈП Водовод и канализација – Скопје. Од базата на Секторот Санитарна контрола личните податоци од точка 1 од образецот се пренесуваат во Секторот за финансии, сметководство и комерција во рамките на ЈП Водовод и канализација - Скопје, каде што личните податоци се обработуваат само за цели на фактурирање. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци. Исто така, во рамките на Секторот за финансии, сметководство и комерција се обезбедуваат сите неопходни заштитни мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци преку стандардни клаузули за заштита на личните податоци кои се одобрени од страна на Европската комисија. Сите дополнителни информации во однос на мерките за заштитни мерки може да ги добиете со поднесување на барање до по пошта на следната адреса: ул.„Лазар Личеноски“ бр.9, 1000 Скопје со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци Љубомир Софрониевски или преку електронска адреса ljubomir.sofronievski@vodovod-skopje.com.mk.